И Веј Ли / Елена Велјановска

---------------------

# Контекстерка

---------------------

¶
¶
¶
¶
¶

Контекстерка е неологизам искажан за прв пат во 2009 година во Берлин, за време на пријателска средба на неколку колешки, културни работници (уметнички, кураторки, културни менаџерки), додека дискутираат за различните називи коишто ги употребуваат за да ја претстават својата професија и работа. Називите на работните места во независниот културен сектор се во константен развој преку ре/дефинирање на веќе постоечките и/или креирање на нови. Така, овој назив се виде соодветен за користење како термин-чадор којшто ја објаснува природата на повеќе професии и повеќето значења на работата коајашто овие културни работници/чки ја работат. По овој разговор следува и првата реална употреба на овој назив, кадешто тој започнува да циркулира од страна на уметничката И Веј Ли (I Wei Li), визуелна уметничка којашто во моментов живее и работи во Европа.

¶

(Елена Велјановска)

¶
¶

<u>Изјава на уметничката, И Веј Ли / Моја дефиниција / разбирање на Контекстерка:</u>

¶

Контекстерка = контекст + ер + ка

¶

И Веј се позиционира себеси како ‘контекстерка’ – женска особа којашто постојано се стреми да генерира нов контекст во нејзината уметничка работа. Уметничкото искуство за неа е целосно искуство коешто ги испитува аспектите на животот.

- Како кураторка, таа бара пристапи коишто ќе ги потенцира, погледи и визии на современите уметници.
- Како продуцентка, таа анимира настани кадешто интелектуалците и уметниците се поканети да ги споделат нивните критички рефлексии за актуелните социјални промени.
- Како уметничка, таа се обврзува во креирање на експериментални и документарни филмови, мултимедијални инсталации и интерактивни перформанси.

¶

<u>Зошто го употребувам Контекстерка?</u>

¶

Во секојдневната креативна пракса користам многу различни улоги за да ја објаснам мојата работа нарекувајќи се себеси кураторка, продуцентка, или уметничка. Овие професионални називи се лимитирачки бидејќи објаснуваат што се продуцира, но не и зошто се продуцира.

¶

Називот ‘контекстерка’ за прв пат го употребив јавно за време на Festival d’Avignon во 2009 година, кадешто бев поканета да презентирам на различни работилници. Публиката се состоеше од интернационални културни оператори- куратори, политичари, директори на фестивали и институции од областа на културата. Јас се претставив како ‘контекстерка’ и ја испишав композицијата (Контекстерка = контекст + ер + ка) на таблата за да можат сите да ја видат. Испишувањето е подеднакво значајно како и говорењето, бидејќи им овозможува на луѓе со различни културални искуства визуелно да се приврзат за зборот. Многумина можат да се повикаат на овој збор заради природата на нивната работа.

¶

Кога зборувам за ова, претпочитам да ги испровоцирам луѓето да започнат да се прашуваат:

- Зошто го правиме тоа што го правиме?
- Зошто креираме?
- Зошто продуцираме?

¶

Подоцна, некои од учесниците го цитираа мојот вовед или пак ставија моја фотографија на нивните веб-сајтови со професионалниот назив ‘контекстерка’.

¶

Сеуште го користам зборот ‘контекстерка’, го искористив за учеството на овогодинешниот фестивал “Transmediale 10”, како и на мојот веб-сајт. Овој назив ми овозможува да ја докажам вредноста на мојата работа.